**20101713743**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување врз основа на член 39з став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008 48/2009 и 50/2010) член 45 став (5) и член 76 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008 и 124/2010), на седницата, одржана на 27 декември 2010 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ИЛИ УКИНУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН И/ИЛИ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за постапката за повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/2008) во член 2 во точката а) зборовите: „акционерскиот капитал“ се заменуваат со зборовите: „главнината“, зборовите: „основачкиот капитал“ се заменуваат со зборовите: „основната главнина“ а зборовите:„ истиот не го “ се заменуваат со зборовите: „истата не ја“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2576/6<br>30 декември 2010 година<br>Скопје

Претседател<br>на Управниот одбор,<br>**Анета Димовска,** с.р.